РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 02-340/4
24.06. 20 21 год.
СКОПЈЕ

***ПРЕДМЕТ:* ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2021**

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за јавните набавки ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), а согласно член 65 точка 7 од Статутот на УКИМ Земјоделски институт - Скопје, објавен во универзитетски гласник бр.459/2019 како и Планот за јавни набавки за 2021 година, Институтската управа на ден 24.06.2021 година на својата 107-ма седница, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за Дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година

1. Во Годишниот план за јавни набавки на УКИМ Земјоделски институт- Скопје, во **делот јавни набавки на стоки,** по точката –8. Опрема за греење и клима, се додават нови точки: 9: Набавка на научна и истражувачка опрема, точка 10: Набавка на трактор и точка 11: Набавка на компјутерска опрема

| # | Предмет на договорот за јавна набавка | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот / рамковната спогодба, без ДДВ (МКД) | Вид на постапката | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **НАБАВКА НА СТОКИ** | | | | | |
| 9. | Лабораториска научна опрема и апарати | | јуни | 300 000 | Набавка од мала вредност | |
| 10. | Набавка на трактор | | Јули | 1 200 000 | Поедноставена отворена постапка | |
| 11. | Набавка на компјутерска опрема | | Јули | 300 000 | Набавка од мала вредност | |

2. Точката 9 станува точка 12, точката 10 станува точка 13, точката 11 станува точка 14, точката 12 станува точка 15, точката 13 станува точка 16, точката 14 станува точка 17, точката 15 станува точка 18, точката

43. Се задолжува лицето задолжено за јавни набавки да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

# Образложение

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за јавните набавки ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), Институтската управа на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје, донесе Одлука за измена на Годишниот план за јавни набавки за 2021 година.

Измената на Годишниот план за јавни набавки во точката 9 од диспозитивот на Одлуката е во согласност со потребите на работењето на УКИМ, Земјоделски институт –Скопје. Имено, заради реализација на проектни активности се јавува потребата за набавка на научно истражувачка опрема, која воедно ќе биде финансирана од проектот. Набавката наведена во точка 10 од диспозитивот произлегува поради зголемен обем на работа на Земјоделскиот институт на терен, односно експериментални истражувања, селекција и семепроизводство на поледелски и градинарски култури во одделението во Кочани. Набавката наведена во точка 11 произлегува од потребата за извршување на редовните работни обврски на вработените кои располагаат со стара и дотраена компјутерска опрема која често е во дефект, но и за ново вработените лица во Институтот кои не беа предвидени при спроведување на претходната постапка за Набавка на компјутерска опрема и резервни делови со бр. 03049/2021.

*Скопје, -- 24 јуни 2021 год.*

Проф. д-р Виктор Ѓамовски,
Директор

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје * Република Северна Македонија * ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ СКОПЈЕ

**Доставено до:**

- Архивата на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје
- Секторот за сметководство и финансии
- Лицето задолжено за јавни набавки